Централна кооперативна банка АД Скопје

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 86, став 1, точка 8 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 7 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Банката, на седницата на Годишното собрание, одржана на 27.05.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за повторно именување член на Надзорниот одбор**

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје повторно се именува следното лице:

- Христо Георгиев Христов.

**Член 2**

Лицето од член 1 на оваа одлука се именува со мандат во траење од 4 (четири) години.

**Член 3**

Надоместот за учество во работата на Надзорниот одбор е определен со Одлука за определување на висината на надоместот за учество во работата на Надзорниот одбор донесена на Седницата на Годишно собрание на акционери одржано на 30.05.2025 година, заведена под архивски број СА бр.0201-21 од 30.05.2025 година.

**Член 4**

Се задолжуваат стручните служби на Банката да ја спроведат постапката за добивање претходна согласност од Извршниот одбор на НБРСМ за именување член на Надзорен одбор.

**Член 5**

По добивање претходна согласност од Извршниот одбор на НБРСМ да се спроведе постапка за упис на именуваното лице во Централниот регистар на РСМ.

**Член 6**

Одлуката ќе стапи во сила по добивање претходна согласност од Извршниот одбор на НБРСМ.

***Образложение***

Имајќи го предвид истекувањето на мандатот на лицето од член 1 на оваа одлука како член на Надзорниот одбор на Банката, Собранието на акционери на ЦКБ АД Скопје одлучи како во диспозитивот на истата.

**Собрание на акционери**
**претседавач с.р.**